Ceresit

# CM 12

## EXPRESS

## Брзоврзувачки лепак за поставување керамички и грес плочки и природен камен

### КАРАКТЕРИСТИКИ

- За внатрешна и надворешна употреба
- Максимална должина на плочки е 100cm
- За системи со подно греење
- Може да се користи после 3 часа од поставувањето
- Поставување на плочките во тенок и среден слој со дебелина од 10мм
- За нечувствителен природен камен







### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Лепакот CM 12 Express се користи за цврсто поставени керамички плочки и подни плочи без празнини под нив како и за поставување фини камени и лиени бетонски плочи, како во внатрешните така и во надворешните простории, со метода на нанесување на тенок или среден слој лепак.

- Може да се користи за поставување плочки со големи димензии и подни плочи.

- Погоден за поставување на непрозирен и неосетлив природен камен без промена на бојата.

- За системи со подно греење, кујни, купатила, балкони, тераси, како и за поставување со објекти со голема фреквенција.

### ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Ceresit CM 12 Express се лепи на сите цврсти, носиви, чисти и суви површини на кои нема супстанции кои спречуваат лепење.
- бетон (постар од 28 дена и остаток на влага ≤ 2%), цементна кошулица и малтер на база на цемент и креч (постар од 28 дена и остаток на влага ≤ 1,5)%, анхидрит ((постар од 28 дена и остаток на влага ≤ 1%) и гипс малтери (остаток на влага ≤ 1%) треба да бидат механички исшмирглани и исчистени од прашина, а потоа премачкани со со прајмер CT 17, CN 94 или CT 19. Подлогите не смее да бидат влажни. Сите постоечки, нечистотии, лабави споеви и слаби премази треба механички да се отстранат. Впивачките подлоги треба да се премачкаат со Ceresit CT 17 и да се остават да се исушат најмалку 2 часа.
Неправилности до 5 mm може да се пополнат претходниот ден со CX 5. Во случај на поголеми нерамнини и вдлабнувања користете Ceresit самонивелирачки сами (на пр. CN 69) или брзо врзувачка кошулица CN 85. Иверките и OSB треба да бидат ишмирглани и премачкани со CT 19 или CN 94. Постоечките плочки треба да се исчитат односно да се премачкаат со CT 19 или CN 94.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

Измешајте го CM 12 Express во чиста и бистра вода додека не се добие смеса без грутки (за потребната количина на вода: видете дел „Технички податоци"). Оставете ја смесата приближно 3 минути за да созрее, а потоа повторно промешајте. Доколку е потребно - додадете мала количина вода и промешајте уште еднаш. Нанесете CM 12 Express според општите правила на работа со примена на тенок или среден слој. За да се обезбеди инсталација на плочки и подни плочки без празнини, слојот на лепак мора да биде со соодветна дебелина.
Материјалот треба да се нанесе со назабена глетарка избрана во согласност со димензиите на плочката, а потоа плочката треба да се притисне на нанесениот слој на лепак. Плочките треба да бидат поставени на поставениот слој на лепак во пропишаниот временски интервал, а потоа да се притиснат. Можете да ги отстраните свежите остатоци од лепак со вода, но зацврстените остатоци можат да се отстранат само механички. Кога се обложуваат површини поголеми од 25м², треба да се обезбедат дилатациони спoеви изработени од флексибилен материјал. Дилатационите спoеви треба да бидат инсталирани во мрежи од 5x5м². За внатрешна употреба, контактната површина на лепакот мора да биде најмалку 65%. Методот на контактно лепење се препорачува за подни плочки и надворешна употреба, а за да се постигне контактна површина поголема од 95% треба да се нанесе лепак слој на задната страна на плочката. . Кога содржината од садот ќе се искористи, не го мешајте повторно зацврстениот лепак.

## НАПОМЕНА

Работите треба да се изведуваат во суви услови, во кои температурата на воздухот и температурата на земјата се од +5°C до +25°C. Сите податоци се однесуваат на температура од +23°C и релативна влажност од 50%. Под различни услови, материјалот може да се зацврсти побрзо или побавно. Кога поставувате плочки од камен што се склони кон промена на бојата, задолжително е да се извршат пробни тестови за да се провери дали лепилото доведува до промена на бојата на плочките. Содржината на растворлив CR(VI) во производот е помала од 0,0002% во согласност со рокот и условите за складирање пропишани од производителот. Содржи цемент. Со влага реагира многу алкално, заштите ги кожата и очите. По контакт со кожа веднаш измијте со голема количина на вода. По контакт со очи побарајте лекарска помош.

## СОВЕТ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ОТПАД

Рециклирајте само целосно испразнета амбалажа. Фрлете остатоци од зацврстен производ како индустриски отпад сличен на отпадот од домаќинството или во контејнер за градежен / комерцијален отпад. Отстранете ги остатоците од нестврднатиот производ како опасен отпад. Европски код за отпад: 17 01 06.

## РОК НА ТРАЕЊЕ / СКЛАДИРАЊЕ

Да се чува на суво и ладно место. Рок на траење 9 месеци од датумот на производство втиснат на амблажата.

## ПАКУВАЊЕ

Вреќи од 25 кг.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Состав: | Цементна мешавина со синтетичка смола и адитиви |
| Густина: | приближно 1,4кг/дм³ |
| Размер на мешање: | 5,5-5,75л за 25кг |
| Отворено време: | 20 минути |
| Време на нанесување: | приб. 50 минути-највише 60 мин. |
| Температура на вградување: | од +5°C до +30°C |
| Може да се користи/третира: | после 3 часа |
| Лепење спрема: EN 12004: | |
| Лепење во суви услови: | ≥ 1,0 Н/мм² |
| Лепење после циклус на мрзнење / загревање: | ≥ 1,0 Н/мм² |
| Лепење после созревање под влијание на топлина: | ≥ 1,0 Н/мм² |

## ПОТРОШУВАЧКА

| Длабочина на забец (мм) | Просечна потрошувачка (кг/м²) |
|---|---|
| 4 | 3,0 |
| 6 | 4,0 |
| 8 | 5,0 |
| 10 | 6,0 |

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од +23°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Забележете дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, ние препорачуваме да се извршат соодветни тестови во секој случај за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основа на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа. Овој лист со податоци ги заменува сите претходни верзии.